КОМУНАЛЕН СЕРВИС Валандово
Примено: 24.08.2023
| Организац. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 01 | 753/2 | | |


РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR I ENERGJETIKË DHE SHËRBIME UJORE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УП1 Бр.-Nr. 08-316/23
17-08-2023 год.-viti

Врз основа на член 17 став 3) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 15 став (3) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 август 2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за измена на Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП “Комунален Сервис” Валандово за регулиран период 2022-2024 година**

1. Во Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП “Комунален Сервис” Валандово за регулиран период 2022–2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 303/21) во точката 1 потточка за 2023 година алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

   - „за категорија домаќинства во износ од 6,43 ден/m³;“
   - „за категорија останати во износ од 8,66 ден/m³.“

   Во точката 1 потточка за 2024 година алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

   - „за категорија домаќинства во износ од 6,34 ден/m³;“
   - „за категорија останати во износ од 8,53 ден/m³.“

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2023 година.

## Образложение

ЈП “Комунален Сервис” Валандово согласно член 17 став 3) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 15 став (3) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за измена на План за прилагодување по исклучок за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води за 2023 и 2024 година од регулираниот период 2022-2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-316/23 од 10.05.2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Со Барањето, ЈП "Комунален Сервис" Валандово, побара поведување на постапка за измена за Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2022–2024 година („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.303/21) пред истекот на периодот на кој се однесува решението за утврдување на регулаторна тарифа.

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈП "Комунален Сервис" Валандово ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈП "Комунален Сервис" Валандово во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2020 година:

| **Опис** | **2020** |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 292.350 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 17.340 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 0 |
| Бруто плати | 1.237.917 |
| Други услуги | 77.932 |
| Останати и вонредни трошоци | 399.505 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 13.719 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | 2.038.763 |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | 3,49 |

- Податоци за регулираниот период :

| **Опис** | **Ед.мерка** | **2022** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 5.975.739 | 8.336.697 | 8.783.780 |
| Амортизација | денари | 276.762 | 280.696 | 266.685 |
| Средства за ликвидност | денари | 31.452 | 43.198 | 45.286 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 57.966.323 | | |
| Принос на регулирани средства | денари | 37.888 | 22.258 | 6.776 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | **денари** | **6.321.841** | **8.682.848** | **9.102.527** |
| **Количина** | **$m^3$** | 388.997 | 473.144 | 504.518 |
| **Просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | 16,16 | 18,28 | 17,99 |
| **Минимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | 16,08 | 18,21 | 17,94 |
| **Максимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | 16,25 | 18,35 | 18,04 |

Регулаторната комисија за енергетика со Решение број.02-1777/1 од 15 август 2023 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Предлог измената на Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП "Комунален Сервис" Валандово за регулиран период 2022-2024 година.

На 17 август 2023 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - решението од страна на присутните.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за измена на План за прилагодување по исклучок за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води за 2023 и 2024 година од регулираниот период 2022-2024 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 3.055.440 | 3.232.713 |
| Амортизација | денари | 262.632 | 262.632 |
| Средства за ликвидност | денари | 16.679 | 17.503 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | | |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 17.777 | 5.335 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | **денари** | **3.352.528** | **3.518.183** |
| **Количина** | **$m^3$** | 473.144 | 504.518 |
| **Категорија домаќинство** | **ден/$m^3$** | 6,43 | 6,34 |
| **Категорија останати** | **ден/$m^3$** | 8,66 | 8,53 |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци во 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги утврди следните оперативни трошоци за 2023 -2024 година:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се утврдени согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 724.776 денари за 2023 година и 739.272 за 2024 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се утврдени согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 161.965 денари за 2023 година и 165.205 за 2024 година;

3. Трошоците за бруто плати се утврдени согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени за стапка на номинален пораст на нето плати и истите изнесуваат 1.453.231 денари за 2023 година и 1.598.554 денари за 2024 година;
4. Другите услуги се утврдени согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 61.015 денари за 2023 година и 62.235 денари за 2024 година;
5. Останатите и вонредните трошоци се утврдени согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 649.711 денари за 2023 година и 662.705 денари за 2024 година;

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга е утврдена согласно амортизација од 2022 година во износ од 262.632 денари и истата е задржана на исто ниво за наредните години од регулираниот период.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 16.679 денари за 2023 година и 17.503 денари за 2024 година.

Испорачаната количина на вода е прифатена согласно податоците и истата изнесува 473.144 $m^3$ за 2023 година и 504.518 $m^3$ за 2024 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води за 2023 година изнесува 17.777 денари и 5.335 денари за 2024 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди регулаторна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води за 2023 година за категорија домаќинства во износ од 6,43 ден/$m^3$, за категорија останати во износ од 8,66 ден/$m^3$ и за 2024 година регулаторна тарифа за категорија домаќинства во износ од 6,34 ден/$m^3$ и за категорија останати во износ од 8,53 ден/$m^3$.

При утврдување на регулаторна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈП "Комунален Сервис" Валандово да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08–316/23**
**17 август 2023 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Lirim Sulejmani**